# Кодекс на однесување и етика
# Политика за конфликт на интереси

ETHICS & LEGAL COMPLIANCE | ISSUED: November 1, 2016 – REVISED: February 23, 2022

Вработените во Magna мора да дејствуваат во најдобриот интерес на Magna. Вашите лични интереси не треба да влијаат, ниту разумно да изгледа дека влијаат врз вашето расудување за кое било прашање од бизнисот. Оваа Политика се однесува на Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, заеднички вложувања и други операции на глобално ниво (заедно, „Magna“). Оваа политика се однесува и на сите лица кои делуваат во име на Magna, вклучително вработените, службениците, директорите, консултантите и агентите.

## ДЕФИНИЦИИ

Во оваа политика:

- Поимот „**конфликт на интереси**“ (или „**конфликт**“) има широко значење. Општо, се однесува на ситуација во која може да донесете деловна одлука или да влијаете на неа за Magna, додека вашите лични интереси или интересите на поврзаните страни може да се разликуваат од интересите на Magna.
- Термините „**менаџира**“ и „**менаџмент**“ вклучуваат вработување, надзор, однос на пријавување кај претпоставен/подреден или имање на способноста за материјално влијание врз проценатa на платата или извршувањето на работата на друг.
- „**Поврзана страна**“ значи лице со кое сте поврзани или со кое имате личен однос што може да влијае или може разумно да изгледа дека влијае на вашето деловно расудување. Примерите вклучуваат членови од семејството, пријатели, или поранешни колеги, соученици и работодавачи.
- Лицето има „**значителен интерес**“ за бизнисот ако лицето (i) директно или индиректно контролира десет проценти (10 %) или повеќе од акциите или средствата, или други интереси во бизнисот; (ii) има лидерска улога во бизнисот; или (iii) би имало корист од односот помеѓу бизнисот и Magna.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ВАШИОТ КОНФЛИКТ

Доколку имате конфликт на интереси или мислите дека е веројатно да се појави конфликт на интереси (или може разумно да биде воочен од другите), мора да го откриете конфликтот колку што е можно поскоро и да побарате одобрение пред да преземете други чекори. Процесот за откривање на конфликти и барање одобрување е објаснет во **Процедурата за контрола на усогласеноста - Постапката за конфликт на интереси** („**процедурата**“) која е достапна на MagNET.

Зависно од околностите, Magna може да избере да ги одобри околностите што доведуваат до конфликт, со или без услови, доколку се утврди дека таквото одобрување ќе биде во најдобар интерес на Magna. Условно одобрение ќе бара да се преземат одредени чекори, под супервизија и постојан надзор на колегите (кои не се соочуваат со истиот конфликт), за да ги промовираме најдобрите интереси на Magna.

## ВООБИЧАЕНИ ТИПОВИ НА КОНФЛИКТИ

Конфликт на интереси најчесто се случува во следниве ситуации.

### *Лични врски на работното место*

Имате конфликт доколку менаџирате, или сте менаџирани од, поврзана страна (на пример, лице кое врши надзор на брачниот другар). Директно менаџирање или однос на претпоставен со поврзана страна е забрането. Може индиректно да менаџирате поврзана страна ако сте го откриле односот и сте добиле одобрение според процедурата.

### *Самостојно склучување зделки*

Имате конфликт ако одобрувате или насочувате деловен однос помеѓу Magna и бизнис во којшто имате значителен интерес. На пример, помошник генерален менаџер има конфликт ако додели бизнис на добавувач чиј косопственик е тој.

Исто така, имате конфликт на интереси ако одобрувате или насочувате деловен однос со трето лице во очекување на или во замена за лична корист (на пр. мито). Погледнете ја нашата **Политика за поткуп и недолични плаќања** за повеќе информации.

### *Трансакции со поврзани страни*

Имате конфликт ако сте во позиција да одобрувате или насочувате деловен однос помеѓу Magna и бизнис во којшто поврзаната страна има значителен интерес. На пример, генерална менаџерка има конфликт ако одобри деловен однос помеѓу нејзиниот оддел и компанија поседувана од нејзиниот син.

Исто така, имате конфликт ако одобрувате или насочувате деловен однос со трето лице во очекување на или во замена за лична корист за поврзаната страна. На пример, менаџер за набавки има конфликт ако додели бизнис на продавач под услов ако продавачот ја вработи неговата сестра.

### *Надворешни позиции*

Освен во многу ограничени околности што ги овластува нашиот потпретседател, одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива за етика, не можете да имате (платена или неплатена) позиција кај клиентите, конкурентите или добавувачите на Magna.

Мора да откриете и да добиете писмено одобрение според процедурата ако имате намера да држите надворешна позиција или сте ангажирани во каков било потфат, вклучително и сопствен бизнис, што предизвикува да посветите помалку од вашето целосно време и внимание на својата работа во Magna во текот на работното време. На пример, инженер има конфликт ако посветува значително време при работните часови во Magna за развој на сопствен консултантски бизнис.

### *Користење на корпоративните можности и ресурси*

Имате конфликт ако користите, за себе или за поврзана страна, можности што се откриваат преку користење на имотот или информациите на Magna или откриено преку вашата позиција во Magna. Исто така, конфликт на интереси претставува и користењето на имотот, информациите или вашата позиција во Magna за лична добивка или корист на поврзана страна (не вклучувајќи ги „поволностите“ и бенефициите на вработените, или, пак, подароците и забавата што поинаку се покриваат со нашата **Политика за подароци и забава**). Во такви околности, мора да го откриете конфликтот и да добиете писмено одобрение согласно Постапката за конфликт на интереси.

На пример, вработен има конфликт ако ја користи кафетеријата на одделот за да биде домаќин на семеен собир. Исто така, вработена има конфликт ако споделува информации за бизнис можност за Magna во корист на бизнисот на нејзиниот сопруг.

## ПРЕКРШУВАЊА

Magna не толерира прекршувања на усогласеноста.  Секое прекршување ќе се смета како сериозно прашање и ќе се санкционира со дисциплинска постапка до максимум и вклучително со прекин на вработувањето.

Ако знаете или се сомневате дека некој го прекршил Кодексот и на однесување и етика на Magna или оваа политика (на пример, ако знаете дека некој конфликт не е откриен), треба да ја пријавите својата загриженост, така што ќе го информирате (i) вашиот менаџер; (ii) правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата; (iii) регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива; (iv) потпретседателот на Magna, одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива за етика или (v) Линијата за помош на Magna.

Magna ги штити вработените од одмазда поради пријавување со добра намера на какво било прекршување на Кодексот на однесување и етика на Magna или оваа политика. За повеќе информации на оваа тема, погледнете ја нашата Политика против одмаздување.

## КОРИСНИ СОВЕТИ

## СЕКОГАШ…

- Размислете дали имате личен интерес што влијае на деловните одлуки што ги донесувате или препорачувате, во име на Magna.
- Кога се двоумите, разговарајте со вашиот менаџер, правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата или регионалниот службеникот за усогласеност со законската регулатива.
- Размислете како може да се сфатат дејствата што ги преземате во име на Magna ако се објават на насловната страна од весник или на социјалните медиуми. Ако јавноста воочи дека имате лично профитирано од вашите дејства, веројатно имате конфликт.
- Откријте го конфликтот колку што е можно побрзо и добијте одобрение пред да преземете други чекори.
- Пријавете сомненија за прекршоци на нашиот Кодексот на однесување и етика или оваа Политика.

## НИКОГАШ…

- Немојте да имате второ работно место кај добавувач, клиент или конкурент на Magna без претходно писмено одобрение од нашиот потпретседател, одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива за етика.  Такво одобрение ќе се даде само во исклучителни околности.
- Не влегувајте во, ниту поддржувајте деловен однос помеѓу Magna и бизнис во кој вие или вашата поврзана страна има значителен интерес, без да го откриете тој конфликт и да добиете одобрение.
- Не вработувајте ниту поддржувајте вработување на вашата поврзана страна без откривање на овој конфликт и добивање на одобрение.
- Не прифаќајте надворешна позиција што ќе бара значителен дел од вашето слободно време и вниманието во текот на работното време во Magna, без да го откриете тој конфликт и да добиете одобрение.
- Не користете, за себе или за вашата поврзана страна, можности што ги откривате преку користење на имотот или информациите на Magna или врз основа на вашата позиција во Magna, без да го откриете тој конфликт и да добиете одобрение.

## ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ:

За повеќе информации или совет, контактирајте со правниот советник на групацијата или регионалната канцеларија, регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива или потпретседателот за етика и одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива на Magna.

---

| | |
|---|---|
| Issued: | November 1, 2016 |
| Revised: | February 23, 2022 |
| Next Review: | Q1 2025 |
| Issued By: | Ethics & Legal Compliance |
| Approved By: | Chief Compliance Officer, on behalf of Magna Compliance Council |